**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

**Објавува**

**Барање за изразување на интерес за**

**Дизајн на единствен унифициран регистарски систем**
**(реф.бр. MK/SIAP #1.1.3)**

**Проект за администрирање на социјалното осигурување (СИАП)**
**Кредит Бр: 9036 –МК**

**Консултантски услуги - Консултантска компанија**

Оваа покана за изразување на интерес е во согласност со општата објава за набавки на Проектот за администрирање на социјалното осигурување (СИАП) , публикувана во „UN Development Businesas" во електронска верзија на 18.03.2020 година.

На Република Северна Македонија и е одобрен кредит од страна на Меѓународната банка за обнова и развој за потребите за реализација на Проектот за администрирање на социјалното осигурување (СИАП). Дел од овие средства ќе бидат искористени за плаќање на обврските што ќе произлезат од договорот бр. MK/SIAP # 1.1.3 што ќе се склучи со компанија за дизајнирање на единствен унифициран регистарски систем.
**Консултантските услуги вклучуваат**: дизајнирање на единствен унифициран регистарски систем (SURS)".
Целосниот опис на проектните задачи е приложен на веб страната на Министерството: www.mtsp.gov.mk (http://mtsp.gov.mk/siap-proekt-za-administriranje-na-socijalnoto-osiguruvanje.nspx

Компанијата треба да ги поседува следниве квалификации (критериуми за селекција на компании на кратка листа) :

- Сертификат ISO 9001 (минимум верзија 2008, по можност верзија 2015) сертификат за систем за управување со квалитет за консултантски услуги во областа на информатичките технологии, управување со проекти и анализи на деловно работење;
- Треба да има извршено најмалку една слична задача во регионот во изминатите пет години (име на задачата, опис, времетраење, износ на договорот, референца);
- Треба да прикаже докажана експертиза (назив на задачата, опис, времетраење, износ на договорот, препорака) во следниве области (минимум):

1. унифицирани е-услуги во јавна администрација
2. анализа на бизнис процеси и дизајн на системи за деловно работење
3. анализа и дизајн на ИКТ системи5. стратегија и управување со ИКТ системи
6. дизајн на база на податоци
7. дизајн на организациони системи
8. дизајн на системи на управување
9. миграција на податоци
10. животниот циклус за управување со проекти

- Значително искуство во областа на социјалното осигурување или општа евиденција на приходите од данок и придонеси, наплата на даноци и извршување во слични области/сектори
- Искуството во проекти за социјално осигурување во поранешна Југославија и / или регионот ќе се смета за предност
- Неодамнешно искуство во развој на системи кои имаат релациони бази на податоци од голем обем
- Добро разбирање на современите системи и бази на податоци при регистрација на клиентите за социјално осигурување и евиденција на придонеси
- Добро разбирање на системите поврзани со придонесите како и нивно усогласување и спроведување
- Искуство и знаење на финансиски менаџмент
- Искуство и знаење на управување со човечки ресурси
- Искуство во подготовка на спецификации за интегрирани решенија на ИКТ систем
- Искуство и знаење во распоредување на електронски "Document Management Systems" во повеќе канална околина и околина со голем проток на податоци
- Значително искуство во анализа и дизајн на бизнис процеси
- Искуство во подготовка на проекти и мигрирација на податоци од постојни бази на податоци во нова современа база на податоци која ќе се користи од страна на повеќе организации
- Искуство во подготвување на проектни задачи и технички спецификации за набавка на стоки и услуги
- Експертиза во правни работи
- Експертиза во анализа на податоци
- Способност за говорење и пишување на англиски јазик
- Способност за говорење и пишување на македонски јазик

Министерство за труд и социјална политика ги повикува сите заинтересирани компании (консултанти) да изразат интерес за овој ангажман. Заинтересираните компании треба да доставаат информации со кои ќе прикажат дека имаат потребни квалификации и искуство за вршење на бараните услуги (портфолио на фирмата, описи на слични проекти и др). Кратки биографии од предложен тим на експерти

од страна на компаниите нема да бидат предмет на евалуација во оваа фаза за избор на компании на кратката листа.

Консултантските компании можат здружено да аплицираат со цел да ги зголемат своите квалификации. "Здружувањето" може да биде во форма на заедничко вложување (Joint Venture) или во форма на под-договарач. Во случај на заедничко вложување, при воспоставувањето на кратката листа на квалификувани консултанти, квалификациите на сите партнери ќе бидат евалуирани здружено и сите партнери од вложувањето заеднички и индивидуално ќе одговараат за извршувањето на договорот, кој ќе биде потпишан од сите партнери на заедничкото вложување. Квалификациите на под-договарачот не се зимаат во предвид. Во апликацијата заинтересираните консултанти јасно треба да го наведат видот на нивното здружување и обврските на партнерите и под-договарачите. Нејасните апликации - изрази на интерес во вид на "во соработка со" и/или "поврзан со" и др. можат да не бидат земени во предвид при воспоставувањето на кратката листа. Водејќи се од принципот еден израз на интерес по компанија, консултантските компании можат да изберат дали ќе аплицираат како како под-договарач, како индивидуален консултант или како партнер во заедничко вложување. Ве молиме да имате во предвид дека во иста набавна постапка една компанија може да достави само еден израз на интерес било како индивидуален консултант или како партнер во заедничко вложување. Една компанија не може да биде под-договарач и да настапува индивидуално или како партнер во заедничко вложување во иста набавна постапка. Доколку компанијата настапува како под-договарач на индивидуален консултант или на заедничко вложување, истата може да биде под-договарач на повеќе од еден апликант.

Методот за избор е"QCBS - Избор базиран на квалитет и трошоци " согласно "Прописите за набавки на Светска Банка за финансирање на инвестициски проекти (ФИП) - набавки за ФИП за стоки, градежни работи, неконсултантски и консултантски услуги, (Прописи) од јули 2016 година, ревидирано во ноември 2017 година и август 2018 година", достапно на следната веб страна: www.worldbank.org.

За дополнителни информации може да се обратите во Единицата за управување со Проект за подобрување на социјалните услуги, од 08.30 до 16.30 часот, на е-маил: maja.bundaleski@mtsp.gov.mk.

Изразите на интерес треба да бидат доставени по електронска пошта на следнава адреса: maja.bundaleski@mtsp.gov.mk

**Документите со кои се изразува интерес (на македонски или англиски јазик) мора да бидат доставени најдоцна до 01.07.2020 година, до 16 часот.**